# Надлежности на општината и како ги остварува - Комунални дејности

Законот за комуналните дејности ги смета комуналните дејности како стопански дејности (давање услуги) и надзор над тие услуги. Таквата дејност се врши преку јавно претпријатие основано од општината или Владата, но тоа може да биде и правно и физичко лице со дозвола за вршење комунална дејност. Урбаната опрема служи за обезбедување комунални услуга и „за заедничка потрошувачка“ и Советот тоа „општо“ го регулира со посебен акт, како и комуналната инфраструктура. Подетално, комуналните услуги се предмет на „Одлука за комунален ред“ на Советот на општината. Услугите се наплаќаат од граѓаните, а комуналните претпријатија добиваат пари и од буџетите на општините и од владата, од кредити и од донации, затоа што (многу често) овие претпријатија се во загуба. „Комуналните дејности“ се вршат врз основа на развојни планови и програми кои се донесуваат за период од три години. ЈП, чиј основач е општината, сѝ донесуваат годишна програма, по претходна согласност од Советот и носат Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување.

- **Технолошка и вода за пиење**
  - Општината треба да ја достави водата за пиење и да ја контролира нејзината исправност (изградба водоводи, одржување, заштита, стопанисување)
- **Канализација и одведување на отпадни води**
  - Канализација (изградба, одржување, заштита), атмосферски води, прочистување во прочистителни станици и отпуштање на водите во „реципиентот“
  - Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителен и канализациски систем има сијасет мерки за пристап до овие добра.

  Одржувањето на канализацијата е предмет на Програмата за уредување на градежното земјиште на општината, а пак за изградба и реконструкција треба претходно издадени хидротехнички услови од давателот на услугата.

- **Превоз на патници на подрачјето на општината**

  Се врши врз основа на издадени лиценци, дозвола за определена линија и регистриран возен ред од градоначалникот, врз услови – утврдени со закон, а општините водат и евиденциски регистар на превозници (линиски превоз, слободен и посебен превоз на патници и превоз за сопствени потреби). Ако е општината над 100.000 граѓани, таа е должна да организира општински линиски превоз на патници, како јавна служба, но потребни се стандарди (урбанистички, сообраќајни и сл). Советот го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници, а селските општини, кои гравитираат кон град, можат заеднички да го организираат меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, но мораат да го запазат временскиот интервал на станиците на заедничката траса, при склучувањето на спогодбата.

- **Изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта,** ги вршат општините, спрема Годишната програма на Советот, или друг инвеститор, по добиена согласност (кој и да го гради мора да има документација и патот се впишува како државен имот)
- **Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад (неопасен и инертен отпад), одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракувањето и одржувањето на местата за селективно собирање на комуналниот отпад.**

  Чистење на јавни површини и простори на јавни објекти, чистење снег, отстранување на предмети што ја загрозуваат јавната чистота. Другите приватни површини и дворови остануваат на сопствениците да ги чистат, а површините околу зградите – куќните совети. Советот на општината донесува Годишна програма, која содржи и Одлука за обезбедување јавна чистота, која предвидува и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти. Советот може оваа надлежност, со договор (за најмногу 4 години), да ја даде на приватна компанија – регистрирана за оваа намена. Контролата на јавната чистота ја вршат препознатливи и службено легитимирани комунални редари.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги пропишува сите процедури и услови за собирање и за транспортирање на комуналниот и неопасен отпад, условите што треба да ги исполнува давателот на услугата, како ќе се користат услугите, казнени и стимулативни мерки, техничките и другите барања за обезбедување на тие услуги и надоместокот за извршените услуги; потоа основа јавно претпријатие за таа намена – пак по предлог на градоналникот, а такво претпријатие може да биде заедничко на две или повеќе општини и може да биде и јавно претпријатие или, согласно со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство. Кој и да го формира, мора да има дозвола за собирање и за транспортирање на отпад од Советот. Во тој случај се прави договор за вршење на услугата, а општините мораат да ги почитуваат донесените стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот, почитувајќи го и Националниот еколошки акционен план за отпадот.

- **Одржување, чистење и користење паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини**, надлежност, која опфаќа операции од изградба, до косење трева, се спроведува преку Програмата што ја усвојува Советот.
- **Одржувањето на сообраќајна сигнализација** се смета за редовно и инвестициско одржување и подразбира поставување, менување сообраќајни знаци и сигнализација, заштитна опрема и сл. Ова се спроведува преку програма на Советот, базирана на со соодветна техничка документација, која ја одобрува МВР.
- **Јавно осветлување (изградба и одржување)** за кое дистрибутерот наплаќа комунална такса на секое струјно броило, па парите ги уплаќаат на општината, но сега има значајни проблеми, откако Регулаторна комисија реши да не ја регулира оваа тарифа, што создаде невидени проблеми и трошоци за општините.
- **Гробишта, крематориуми и погребални услуги** (лоцирање, изградба, одржување, придружни објекти, инфраструктура и погребални услуги: преземање, чување, опремување и превоз на умрените). Општината заснова право на долготраен закуп на државно градежното земјиште со Договор и тоа го запишува во катастарот, а урбанистичкото планирање треба да води сметка за демографски податоци во општината**.** При урбанистичкото планирање треба да се води сметка за погреб на лица со посебен статус, воени лица, заслужни граѓани или истакнати личности и верски великодостојници. Управувањето со гробиштата го врши управител, кој може да биде ЈП за комунални услуги или правно лице со дозвола за управување со гробишта, преку јавен конкурс. Дозволата ја издава органот на државната управа со рок од петгодини, со можност за нејзино продолжување. Погребалните услуги ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола (издадена во постапка согласно со закон, во согласност со посебните неисклучиви услови) за вршење погребални услуги кои, иако не поседува дозвола за управување со гробишта (законот дозволува таква постапка).
- **Пазарите** треба да се предвидени во УП, а просторот треба да биде во категорија Б2 (големи трговски единици во кои спаѓаат трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети и затворени пазари и пазари на отворено). Оваа надлежност општината може да ја остварува преку ЈП или преку јавно – приватно партнерство, преку посебен договор со трето лице кое ги исполнува соодветните услови, а дејноста се врши со издавање „тезги“ на „трети лица“.
- **Други надлежности од законот за комунални дејности, како Оџачарски работи (чистење** на оџаци, чадни уреди, системи на воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објектите и опрема за исфрлање чад и вообичаено ги извршуваат приватни лиценцирани компании, а Советот пропишува „Одлука за условите и начинот на вршење на оџачарската дејност, со програма**), отстранување и чување хаварисани возила (**отстранувањето на непрописно паркирани или хаварисаните возила и други предмети од јавни површини се врши по барање на униформиран полицаец и сопствениците се должни да го сторат тоа – на свој трошок, но ако не ги отстранат (дури и при отсуство или непознатост на сопствениците) тоа ќе го стори комуналниот инспектор, кој ги задолжува надлежните за конкретниот јавен простор, а ако може ќе издаде и налог за плаќање на таквата услуга од сопственикот. Општините треба да имаат депо за чувањето на возилата, што може да се довери и на трето (правно) лице, со одлука на Советот**), украсување населени места, одржување јавни санитарни јазли, заловување на животни скитници.**

- **Испораката на гас и топлинска енергија до домаќинствата,** е во турнусот „концесии“. Изградбата на нови системи за дистрибуција на топлинска, се врши врз основа на концесија за градба и правото на вршење на регулираната енергетска дејност - дистрибуција на топлинска енергија, што ја доделува Советот, по предлог на градоначалникот, која може да трае и подолг од 35 години и да се продолжи, но концесионерот нема право да ја пренесе на друго правно лице.Советот донесува Одлука за започнување постапката за доделување таква концесија, во која ја пропишува постапката, плаќањето надоместок и критериумите за учество и за избор на најповолен понудувач, но потоа презема Владата, која носи идентична Одлука.
- **Речни корита во урбанизирани простори,** било да се работи за изградба, одржување и чистење е регулирано со програма која ја донесува Советот и во која се предвидуваат општински акции или ангажирање трето лице.

- **Извори на средства за финансирање и развој на комуналните дејности:** надоместок за комунална услуга (цена на давателот на услуга, потврдена од општината); надоместок за користење објекти и дадена комунална услуга; комунална такса утврдена со закон; надоместок за уредување на градежното земјиште; средства од буџетот на општините; средства од самопридонес и средства од донации, кредити и други извори.
- **Инспекциски надзор и надзор над законитоста на работата.** Комуналниот инспектор на општините вршат инспекциски надзор над: ЈП за вршење на комунални дејности; примената на одредбите од Одлуката за комунален ред, додека Надзор над законитоста на работата на органите на единиците на локалната самоуправа врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.